РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
КРИВА ПАЛАНКА

| ПРИМЕНО: 21.08.2012 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. ед. | Број: | Прилог | Вредност |
| 03 | 2546/1 | | |

EVN macedonia

Бр. 03-493/5
17.08 20 12 год.

До
ОПШТИНА Крива Паланка
ул.Св.Јоаким Осоговски бр.175
1330 Крива Паланка

Одговорно лице Стојан Марков
Тел. 02320500042424
Дата 17.08.2012

Известување за мерки кои треба да се превзменат со цел избегнување на можни несереќи од струен удар при извршување на земјоделски активности

Електричната енергија се пренесува преку електрични водови до крајните потрошувачи со цел снабдување со електрична енергија за домаќинства и индустрија.

За да се спречат можните опасности и несреќи од струен удар, при извршување на земјоделски активности во близина на електрични водови задолжително треба да се почитуваат безбедностите мерки (задржување на сигурносно растојание од електричниот вод согласно МК EN 50110). Допир со надземни електрични водови е причина за најголем број од сите фатални несреќи со електрична енергија во земјоделството.

| | Опасна зона (метри) | Безбедна зона на приближување (метри) |
|---|---|---|
| до 1 kV | допир | 0,5 |
| до 20 kV | 0,22 | 1,5 |
| до 110 kV | 1,10 | 2,0 |

Извршување на земјоделски активности под електричните водови (жнеење на житни култури со механизација, транспорт и истовар со возила со хидроулични приколки, користење на земјоделска механизација со големи габарити, наводнување на земјоделски површини, монтажа на систем за наводнување), треба да се избегнува, односно да се ограничат само на оние, кои мора да бидат изведувани, и во таков случај задолжително треба да се превземат следните мерки за безбедност:

- Во тек на работата, во никој случај не смее да дојде во директен допир или приближување до проводниците од надземните водови на растојанија помали од дозволените;
- При поставување на метална опрема под надземни водови како што се цевки за наводнување и разни видови на прскалки, во никој случај не смее да дојде во директен допир или приближување до проводниците од надземните водови;
- Не смее да се поставуват метални цевки за наводнување паралелно со трасата на надземниот вод

ЕВН Македонија АД, Скопје
Ул.11 Октомври бр.9
Скопје 1000, Македонија

EVN Macedonia AD, Skopje
Str.11 Oktomvri 9
Skopje 1000, Macedonia

- При наводнување, задолжително да се избегнува приближување и контакт на водениот млаз со надземните водови. Особено да се обрне внимание и на силината и правецот на ветерот;

- Во близина на електричните водови, цевките за наводнување во никој случај не смеат да се поставуваат вертикално, ниту при нивно празнење ниту при нивниот транспорт. Исто така транспортот на останатата опрема за наводнување, мора да биде исклучиво во хоризонтална положба.

Ве молиме во рамките на вашите надлежности и делокруг на работа да не подржите во оваа намера и да ги информирате граѓаните со цел да се зголеми безбедноста при снабдување со електрична енергија и да се избегнат нескани несреќи кои може да доведат и до загуба на човечки живот.

Стручните лица од ЕВН Македонија, постојано ќе бидат на располагање, во врска со сите отворени прашања, за безбедно изведување на активности во близина на електрични водови.

Со почит,

ЕВН Македонија АД, Скопје

КЕЦ Кратово
Раководител,
Дип.ел.инг.Стојан Марков